Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
КСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-76/2
31-03-2023 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-665 од 16.12.2022 година поднесена од [redacted] против ЈУМ Центар за социјална работа-Струга, за извршена дискриминација врз основа на етничката припадност во однос на работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 23.03.2023 година го донесе следново

# МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на етничка припадност во областа на работата и работните односи од страна на ЈУМ Центар за социјална работа-Струга врз [redacted].

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка бр. 08-665/1 од 16.12.2022 година, од страна на [redacted] за сторена дискриминација врз основа на етничката припадност во областа на работата и работните односи од страна на ЈУМ Центар за социјална работа-Струга.

Во првичните наводи на претставката, подносителот [redacted] смета дека е дискриминиран од ЈУМ Центар за социјална работа во однос на објавениот Јавен оглас од 05.12.2022 година, за вработување на работно место Водител на случај во ЦСР-Правник, со звање самостоен стручен – IV ниво од заедница Македонец/ка.

Во врска со тоа, подносителот на претставката наведува дека согласно со член 20-а од Законот за вработени во јавниот сектор :

„Вработувања во институциите на јавниот сектор се вршат врз основа на годишни планови за вработување, кои функционерите кои раководат со институциите ги подготвуваат врз основа на Методологија од членот 5 став 3 на овој закон."

Дополнително, подносителот тврди дека годишниот план за вработување за 2022 во ЈУМ Центар за социјална работа Струга, односно податоците и резултатите кои се внесени во онлајн калкулаторот "Балансер" се неточни и спротивни на цитираниот член 20-а став 5 од Законот за вработени во јавниот сектор. Подносителот го базира ова тврдење од причина, што не се земени податоците од последниот спроведен попис на населението на Република Северна Македонија за единицата на локална самоуправа во која е сместена ЈУМ Центар за социјална работа Струга, туку се внесени податоците во Балансерот од спроведениот попис од 2002 година.

Исто така, подносителот на претставката наведува дека со Законот и реалната состојба на вработените во ЈУМ Центар по однос на Годишниот план за вработување за 2022 година се предвидени 7 вработувања, според него не е запазена правична застапеност на албанската заедница во ЈУМ Центар за социјална работа. Подносителот тврди доколку се внесат податоците од последниот попис во Балансерот, предвидените 2 работни места треба да припаѓаат од албанската заедница.

Последно, подносителот на претставката тврди дека ЈУМ Центарот за Социјална работа-Струга направила пропусти спротивно на член 20-г став 9 од законот за вработени во јавниот сектор, во однос на повторното објавување на работното место Водител на случај на 09.11.2022 година .

Подносителот на претставката на 09.12.2022 се има обратено до следните институции: Министерство за политички систем, Министерство за труд и социјална политика и Министерството за информатичко општество и Администрација со барање за отстранување на неправилности и воведување постапка. Исто така, подносителот на истиот датум се има обратено до : Директорот на ЈУМ Центар за социјална работа-Струга и до Државниот трудов инспекторат со предмет за поттикнување иницијатива околу вонреден инспекциски надзор, каде се наведува директна дискриминација по основ на етничка припадност.

Согласно со член 24 став 7 од Законот за спречување на и заштита од дискриминација на ден 29.12.22 година Комисија за спречување и заштита од дискриминација испрати Известување за произнесување по наводите од претставката заведено под бр.08-665/3 до ЈУМ Центар за Социјална работа-Струга.

На ден 10.01.23 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна одговор на Известувањето за произнесување од страна на ЈУМ Центар за Социјална работа-Струга, заведено во архивата на КСЗД под нов број 08-76/1.
Во одговорот на ЈУМ Центар за социјална работа Струга се истакнува дека наводите во претставката
се невистинити, паушални и тенденциозни.

ЈУМ Центар за Социјална работа-Струга напоменува дека на претходно добиена известување [redacted] од страна на Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства за вработување согласно член 22 и 23 од Законот за работни односи, член 20-г став од Законот за вработените во јавниот сектор, како и член 212 од Законот за социјалната заштита објавила оглас за вработување каде е предвидена припадник од заедницата Македонец/ка.

Понатаму, ЈУМ Центар за социјална работа-Струга наведува дека е распишанан јавен оглас за вработување на неопределено време под [redacted].
Во Јавниот оглас за вработување под бр. [redacted] се бара-Водител на случај ЦСР-Правник, самостоен стручен-IV, шифра на работно место СО30303А4023 во служба за услуги од социјална заштита, оддел брак и семејство. На објавениот јавен оглас се пријавија двајца кандидати, последователно Комисија за селекција за вработување со пријавените кандидати на објавениот оглас [redacted] спроведе интервју.
Комисијата за вработување и селекција при проверка на пријавата и приложените докази, констатира дека работничкото место за кандидатот [redacted] не ги исполнува условите во Јавниот оглас по основа на етничка припадност согласно член 212 став од Законот за социјална заштита.
Потенцирајќи дека подносителот на претставката бил известен од директорот на ЈУМ Центар за социјална работа Струга заведено под [redacted] од 20.12.2022 дека не е избран на огласот поради тоа што не ги исполнувал условите во Јавниот оглас, бидејќи е припадник на албанската заедница.

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Според наводите на ЈУМ Центар за социјална работа-Струга, тие напоменуваат дека **годишниот план за вработување за 2022 година е изготвен во текот на 2021ва година**, заради тоа во Балансерот се вчитуваат податоци од Пописот на населението во 2002 година. Имено, во однос на Балансерот според ЈУМ Центар за социјална работа- Струга, Балансерот и Годишниот план за вработување претставуваат една целина, и не постои начин да се внесуваат информации кои не соодејствуваат со Годишниот план. Во однос на планираните нови вработувања, земајќи во предвид Годишниот план и Балансерот во целина, потребна е **согласност од Министерство за финансии во односот на обезбедување на средства за нови вработувања.**

Дополнително во својот навод до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, ЈУМ Центар наведува дека на ден 27.12.2022 година од страна на Државниот трудов инспекторат беше спроведен инспекциски надзор во однос на објавениот Јавен оглас, **при што не се констатирани неправилности во целокупната постапка на ЈУМ Центар за социјална работа-Струга.**

До Државниот инспекторат од МИОА беше презентиран Баленсерот за годишен план заведен под [redacted] од 07.02.2022. Покрај наведениот Баленсерот беше изложено известувањето со позитивно мислење за вработување за 2022 година во ЈУМ-Центар за социјална работа Струга со бр.04-254/1 од 17.08.2021. Во барањето до Министерство за труд и социјална политика за согласност за вработување во 2022 во ЈУМ Центар за социјална работа-Струга со бр.04-254/1 од 17.08.2021 известува дека **нема забелешки според МИОА**.

Државниот инспекторат за труд по извршениот увид во презентираната документација од страна на ЈУМ Центар за социјална работа-Струга констатира дека постапката по однос на распишаниот оглас е спроведена согласно член 22 и 23 од Законот за работни односи.

При анализа на наводите во претставката и произнесување по истата, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, во рамките на своите законски надлежности кои се предвидени во Законот за спречување и заштита од дискриминација, при одлучувањето ја зема во предвид националната и меѓународната правна рамка. Во таа смисла, правото на сите лица на еднаквост пред законот и заштитата од дискриминација претставуваат универзално право признаено со Универзалната декларација за човекови права, Меѓународниот пакт за граѓански и политички права, Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права, Меѓународната конвенција бр.111 на

Меѓународната организација на трудот (МОТ) и со Европската конвенција за заштита на човековите права кои согласно член 118 од Уставот на Република Северна Македонија се дел од домашниот правен поредок.

**Уставот на Република Северна Македонија** во член 9 потенцира дека *граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување; имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.*
Член 32 од Уставот гласи: *Секој има право на работа, слободен избор на вработување, заштита при работењето и материјална обезбеденост за време на привремена невработеност. Секому, под еднакви услови, му е достапно секое работно место. ..*

Во **Законот за работни односи**, членот 6 гарантира дека *"Работодавачот не смее барателот на вработување (во натамошниот текст: кандидат за вработување) или работникот, да го става во нееднаква положба заради расно или етничко потекло, бојата на кожата, полот, возраста, здравствената состојба, односно инвалидност, религиозното, политичко или друго убедување, членување во синдикатите, националното или социјалното потекло, статус на семејството, имотната состојба, половата насоченост или заради други лични околности."*

Според член 5 од **Законот за спречување и заштита од дискриминација,** *се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравсствен состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.*
Според членот 6 од Законот, *дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување н правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.*

Согласно документите и аргументите што ги обезбеди во текот на работата со предметот, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека ЈУМ – Центар за социјална работа – Струга имала обврска да го изготви

предлог-Годишниот план за вработувања во 2022 година и да го достават на одобрување до МИОА , МТСП и МФ до истекот на 2021 година, согласно позитивните законски прописи. Комисијата утврди дека во тој период при изработка на Баалансерот можеле единствено да се користат податоците од Пописот на населението од 2002 година, со оглед дека официјалните резултати од Пописот во 2021 година биле објавени на 30.03.2022 година од страна Државниот завод за статистика.

Имајќи го предвид горенаведеното, Комисијата утврди дека овој случај не може да се третира како повреда на правото на еднаквост врз основа на етничка припадност и одлучи како во диспозитивот.

Комисија за спречување
и заштита од дискриминација

Претседател
Исмаил Камбери

Доставено до:

1. [redacted]
2. ЈУМ – Центар за социјална работа – Струга, ул. Димитар Влахов б.б. Струга
3. Архива на КСЗД